РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2524/1
28-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36- та седница одржана на ден 20.07.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1888/1 од 03.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1888/1 од 03.07.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по однос на доставена пријава, оформи предмет со број 08-1888/1 од 03.07.2025 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ------------- по избор на функцијата извршен член ----------------------------

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека --------------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата извршен член на -------------------- не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоци ( Службен весник на РСМ бр 96/19 и 253/23 ) Прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот и застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителите не е поведена , настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води.

Врз основа на наведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: М.С, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar